Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 09-12-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6324 | 1 | |

15:22

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА, бр.10-6249/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА, бр.10-6249/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година .

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се: член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2 и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА, бр.10-6249/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА, бр.10-6249/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА, бр.10-6249/1 од 06.12.2016 година, за периодот од 21 до 30 ноември 2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамите на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија констатираше дека при изборното медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин, во услови кога е отпочната изборната кампања, постои квантитативна дисбалансираност меѓу главните политички ривали, согласно член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Прекршокот е констатиран на детален и експликативен начин, и е изанализиран во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6249/1 од 06.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот", за член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата.

Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 26 минути и 35 секунди (Табела 1, за Застапеноста на субјектите во претежно информативните жанрови, во Писмениот извештај за извршен надзор). Времето посветено на БЕСА која има 4 листи на пратеници е видно поголема од другите политички партии кои имат по 5, 6 и 7 изборни листи.

Имено, БЕСА е застапена со 15 мин и 31 секунди (9,81 %), додека следуваат: Коалицијата ДПА-ДР, УНИТЕТИ и НДП со 10 минути и 05 секунди (6,37 %), ДУИ со 09 минути и 53 секунди (6,25 %), Коалиција СДСМ и други со 05 минути и 47 секунди (3,65 %), Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и други со 03 минути и 41 секунди (2,33 %), додека потполно се запоставени другите политички партии и коалиции кои учествуваат во изборниот процес.

Најголем дисбаланс е забележен во информативните прилози од активностите на учесниците на изборната кампања и кандидати каде што БЕСА, иако зема учество во изборниот процес со 4 листи на кандидати, речиси двојно повеќе е застапена од другите политички партии и коалиции од по 5 и 7 листи на кандидати. Од Табелата - Активности на учесниците на изборната кампања и кандидати, БЕСА е застапена со 43 минути и 17 секунди (29,53%), ДУИ – Демократска унија за интеграција со 23 минути и 22 секунди (15,94 %), Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и други со 21 минути и 57 секунди (14,97 %), Коалицијата СДСМ и други со 21 минути и 45 секунди, ДПА со 20 минути и 30 секунди како и Алиансата на албанците со 15 минути и 44 секунди. И во во информативните прилози од активностите на учесниците на изборната кампања и кандидати се запоставени другите учесници на изборниот процес.

Трендот на небалансирано претставување на учесниците во изборниот процес е забележан и кај директните обраќања на субјектите каде што БЕСА е претставена со процент од 17,99 % од вкупното времетраење од 01:48:23 часови, односно за овој политички субјект е посветено 19 минути и 30 секунди. Следуваат, ДПА со 10,46 %, ДУИ со 8,75 %, Коалицијата на СДСМ со 10,04 % и Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ со 8,30 % од вкупното времетраење.

Од горенаведеното времетраење на прилозите и обракањата се констатира дека ТРД ШЕЊА ДООЕЛ Скопје видно фаворизира една политичка партија која е застапена со помал број на листи на кандидати, додека речиси двојно помалку време им посветува на политичките партии со 5 и 7 листи на кандидати, додека некои учесници во изборната трка воопшто не се претставени во информативните содржини на ова трговско радиодифузно друштво.

Видно фаворизирање на Движењето БЕСА се приметува и во емитуваните 4 интервјуа (со две или трократни реприза) во рамки на емисијата АРЕНА и ЕКОНОМИКС. Во првото интервју од 22 ноември гостин е претставник на Коалицијата "Алијанса за Албанците", во второто од 23 ноември е претставникот на Движењето БЕСА, во првото интервју на ЕКОНОМИКС, во рамки на изданието АРЕНА, од 29 ноември, исто така е реализирано групно интервју со кандидатките за пратенички од Движењето БЕСА, додека последното интервју од оваа емисија исто така е посветена на Коалицијата "Алијанса за Албанците". Во сите изданиа на интервјуа на ТРД ШЕЊА не се претставени претставниците и програмите на другите политички партии и коалиции учесници во изборниот процес.

Врз основа на претходно наведеното, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека постои прекршување по основ на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик, а со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љулзим Хазири ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________